Врз основа на челн 56 став 1 точка 14, а во врска со член 63 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување ("Сл.весник на РМ" бр.25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 08.01.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита**

**Член 1**

Во Одлуката за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита бр 02-18878/10 од 30.11.2007 година, во членот 5 по зборот „ЕКГ - апарат" се додава запирка а зборовите „со приложена фискална сметка" се заменуваат со зборовите „со извод за извршено плаќање и договор за купопродажба."

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање на согласност од Министерот за здравство.

**Број: 02 - 3/**
**08.01.2008**
**С к о п ј е**

**Управен одбор**
**Претседател,**
**Аљбон Џемаили**